HALKINSURANCE

**ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

**Самостоен соработник за ликвидација на штети**

**ХАЛК Осигурување АД Скопје** е реномирана компанија во областа на неживотно осигурување во областа на неживотното осигурување, препознатлива по професионалност и посветеност кон клиентите. Континуирано инвестираме во развојот на нашите вработени, дигитализацијата на процесите и создавање современа работна средина која ги поттикнува иновациите, тимската работа и професионалниот напредок.

Доколку сте мотивирана, аналитична и одговорна личност која сака да биде дел од успешен и професионален тим, ве покануваме да аплицирате за работното место:

**Самостоен соработник за ликвидација на штети**

**Работни задачи**

- Утврдување на основот и висината на надоместот на штета согласно законската регулатива, судската пракса и интерните процедури;
- Комуникација и водење преговори со оштетени лица, адвокати и други застапници;
- Подготовка и предлагање спогодби за вонсудско решавање на штетни предмети;
- Обработка, следење и евидентирање на предметите за штети;
- Организација и координација на прегледи, процени и вештачења кога е потребно;
- Постапување по приговори и учество во комисии и медијациски постапки;
- Подготовка на извештаи и соработка со надлежни институции;
- Континуирана соработка со секторите за правни работи и ликвидација на штети во сите фази на постапките.

**Потребни квалификации**

- Завршено високо образование – Правен факултет;
- Најмалку 1 година работно искуство на иста или слична работна позиција (работно искуство во осигурителниот сектор ќе се смета за предност);
- Познавање на законската регулатива од областа на осигурувањето и надоместот на штети;
- Задолжително познавање на англиски јазик (познавање на турски и/или албански јазик ќе се смета за предност);
- Развиени комуникациски и преговарачки способности;
- Аналитичност, одговорност, прецизност и способност за работа под притисок;
- Способност за самостојна и тимска работа.

**Што нудиме?**

**Конкурентен пакет на бенефиции**

- Конкурентна плата во согласност со пазарните услови и искуството;
- Годишно оценување на перформансите;
- 100% платено приватно здравствено осигурување за вработениот и деца на вработениот до 18 години;
- Платено колективно осигурување од незгода;
- Континуирани обуки, семинари, работилници и можности за професионален развој;
- Подароци и дополнителни слободни денови за значајни животни настани;
- Организирани тим-билдинг активности, спортски и корпоративни настани.

**Работна средина**

Во ХАЛК Осигурување негуваме организациска култура заснована на почит, доверба, соработка и меѓусебна поддршка. Поттикнуваме отворена комуникација на сите организациски нивоа, размена на идеи и професионален развој, создавајќи средина во која секој вработен има можност да придонесе и да напредува.

**Начин на аплицирање**

Доколку ги исполнувате наведените услови и сакате да станете дел од нашиот тим, испратете ја Вашата биографија (CV) на:

**hr@halkinsurance.mk**

**Наслов на електронската порака:** Самостоен соработник за ликвидација на штети

**Известување за обработка на лични податоци**

Со доставување на Вашата апликација, давате согласност ХАЛК Осигурување АД Скопје да ги обработува Вашите лични податоци исклучиво за целите на спроведување на постапката за избор на кандидати за ова работно место, во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Вашите лични податоци ќе бидат третирани како доверливи и ќе бидат обработувани само од овластени лица и само за целите на регрутација и селекција.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани.